Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20 и 92/20), во членот 1 по точката 7. , се додава нова точка 8. која гласи:

„ 8. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од 17 април 2020 година (петок) од 16.00 часот, до 21 април 2020 година (вторник) до 5.00 часот.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

**Бр.44-2416/7**
**13 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**